проширен состав со делегирани претставници од надвор, потесен состав од работниците од Институтот, Научен совет, разни комисии, органи и други тела), почитувајќи ги при тоа сугестиите, ставовите, предлозите и мислењата на Основната организација на СКМ и други општествено-политички организации што активно делуваат во овој Институт.

На крајот да завршимес о максимата — јубилејниот тригесетгодишен празник на Институтот и нашата историска наука е всушност и празник на целиот македонски народ и народностите во Македонија.

Лазар ЛАЗАРОВ

## СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО ВО НОВ ОД 1941 ДО СЕПТЕМВРИ 1943

Во просториите на домот на Југословенската народна армија во Струмица, од 15 до 17 мај 1978 година, се одржа научен собир на тема „СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО ВО НОВ ОД 1941 до СЕПТЕМВРИ 1943".

Организатор на собирот беше Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ — Струмица. Покрај учесниците на собирот присуствуваа: претсдателот на МАНУ академикот, Михајло Апостолски; Вера Ацева, член на советот на Федерацијата и други јавни, културни и општествено-политички работници. На 15 мај во 9 часот собирот го отвори потпретседателот на Организациониот одбор, Ѓорѓи Стоев — Трнката. Во својот пригоден говор тој ги поздрави присутните гости и учесници на собирот. Потоа собирот го поздрваија и им посакаа на учесниците плодна работа: Мара Минанева, претседател на Организациониот одбор; Димитар Стоев, претседател на Општинското собрание на град Струмица; академикот Михајло Апостолски, д-р Миле Тодоровски и Илија Јосифовски. Во работниот дел на овој научен собир беа презентирани 51 реферат, а зедоа учество над 60 учесници, кои од најразлични аспекти ја третираа проблематиката на Народноослободителната војна на револуционерниот град Струмица и неговите села го годините 1941 до септември 1943 година.

Врз база на постојната документација, а делумно и врз мемоарски материјали, учесниците на научниот собир дадоа значаен придонес за расветлување на богатото минато од времето на Револуцијата и за разрешување на редица моменти и проблеми од предвечерието на Војната и порано, кои се секако со трајна вредност за македонската историја и за историјата воопшто.

Со желба поблиску да го запознаеме читателот со содржината на собирот ќе се обидеме да одбереме неколку успешни прилози, кои го илустрираат расположението на народот од струмичкиот крај во немирните и бурни години од НОБ и Револуцијата.

Првиот реферат на тема „Историски претпоставки на Народноослободителната војна и Рево-

луцијата во Македонија — со посебен осврт на Струмичко, го поднесе д-р Манол Пандевски. Во своето концизно излагање Пандевски најнапред даде еден пресек на периодот пред создавањето на Кралството Југославија, односно направи обид прашањето на историските претпоставки на НОВ и Револуцијата да го постави, иако во најопшти црти, врз една временски подолга историска отсечка. Зборувајќи за револуционерниот лик и дело на комунистите од Струмица и Струмичко во текот на предвоените години т.е. за заслугите на Благој Јанков—Мучето и Јосиф Јосифовски—Свештарот, д-р Пандевски подвлече: „се знае дека силата на комунистите (бар во оние тогашни, а во многу земји во денешни услови) не се мери според нивната бројност туку во прв ред според свесната дисциплина на преданоста на самите комунисти, и особено според нивната доверба и влијание врз народните маси".

Економската и социјалната положба во Струмица, економската положба на село, борбата за класно и синдикално организирање на работниците, училишните и просветните услови во Струмица, се неколку значајни прашања на кои Васил Туџаров се осврнува во рефератот под наслов „Општествено-економската и политичката положба во Струмица во предвечерието на војната". Меѓу другото тој истакна: „Уште во 1920 година на изборите во Струмица народот отворено го изрази своето незадоволство преку молчење, кое беше поопасно од гласното протестирање".

Во рефератот „Организацијата на КПЈ во Струмица и нејзината активност до 6 април 1941 година". Ката Поцкова даде интересни податоци за корените на Комунистичката партија како политичка сила, која ги покрена и раководеше со масите во најсудбонисните денови како пред војната така и за време на НОБ. Понатаму се задржа на активноста на струмичката партиска организација по доаѓањето на другарот Тито на чело на КПЈ, и на активноста струмичката младина.

Професорот Бранко Панов во рефератот „Активноста на Боро Цони меѓу младината во Струмица во периодот меѓу двете светски војни" даде поцелосно научно расветлување на богатата комунистичка и поетско-публицистичка активност на марксистичко изградениот студент по право — Боро Цони, кој жртвувајќи го својот живот за слобода ѕверски бил убиен од бугарската полиција во Струмица 1943 година. Боро Цони, бил поврзан со прогресивните сили во Струмица, Гевгелија и Богданци кои под раководството на КПЈ развија жива и широка активност на теренот во Македонија.

„Шестоаприлската војна на подрачјето на Струмица и активноста на прогресивните сили за одбрана на земјата" е наслов на прилогот на кој се задржа Томо Ристовски. Во него тој успеа да ни ја разбистри и подредено јасно да ни ја претстави вистината за зрелоста, организираноста и доследноста на прогресивните сили во Струмица и Струмичко, кои предводени од комунистите во деновите на априлската војна

им дадоа на окупаторите масовен отпор. Ристовски подвлече дека „струмичките комунисти во таа тешка и сложена положба, иако во тој момент недоволно информирани, ниту цврсто поврзани со „центарот" ѝ останаа доследни на политиката на КПЈ за одбрана и неделивост на територијата на Југославија и во борба против сите окупатори.

Академикот Љубен Лапе изнесе мошне интересни моменти од прогресивината активност на познатиот просветен деец — Крум Тошев, кој заедно со професорот Лапе се назначени за работа во струмичката гимназија. Проф. Лапе истакна дека „Крум Тошев спаѓа во плејадата на најистакнатите просветни работници кои во текот на Народноослободителната борба на македонскиот народ даваа решитеелн отпор на свирепиот окупатор и неговите злогласни слуги.

На овој собир во повеќето реферати беше засегната револуционерната и комунистичка активност на Благој Јанков — Мучето и Јосиф Јосифовски — Свештарот чии ликови ќе им служат за патоказ на младите поколенија од Струмица и Македонија како треба да се борат за слобода на својата земја и како треба да ја сакаат татковината.

„Благој Мучето израсна во маркантна фигура не само во македонската но и во југословенската историја", нагласи Фируз Демир во своето излагање на тема „Дејноста на Благој Мучето во Штипско и Струмичко".

На собирот со реферати настапија: Алеко Каракашев „Револуционерното движење во Струмица и Струмичко пред Втората светска војна — синдикати"; Дончо Патароковски „Прилог кон историјата на синдикалното движење во Струмица во време од 1936 — 1941 година"; Ристо Трајков „Синдикатот во монополот во Струмица од 1936 до 1940 год. (сеќавање)"; Стојан Ќосев „За работата на Партиската организација во Струмица од септември 1942 до мај 1943 година"; Димче Аџи-Митревски „Формирање на партиско раководство во Струмица и неговата активност во периодот октомври 1942 до мај 1943"; д-р Миле Тодоровски „Социјалниот, политичкиот и националниот состав на припадниците на НОД во Струмица и Струмичко 1941 до септември 1943 година"; Вера Минанева „Демонстрации во Струмица при влегувањето на бугарските окупаторски војски на 19 април 1941 година"; Ѓорѓи Стоев — Трнката „Поважни акции и отпори во Струмица и Струмичко во 1941 до јули 1942 год"; д-р Димитар Баџаков „Активноста на Скоевската организација во струмичката гимназија 1941—1942 година"; м-р Коста Пеев „Јазикот на материјалите и документите на НОВ во Струмица и Струмичко од 1941 до септември 1943 година"; Галена Куцуловска „Системот и политиката на бугарската окупаторска власт во Струмица и Струмичко 1941—1943" и други.

По рефератите се разви дискусија. Благодарение на извонредно конструктивната дискусија, во која учествуваа голем број дискутанти повеќето учесници од

НОВ, историјата ќе се збогати со голем број факти за нови научни сознанија, со нови примери за НОВ од Струмица и Струмичко.

Учесниците на научниот собир, во попладневните часови на 15 мај изведоа посета на Спомен-домот на народниот херој Благој Јанков — Мучето и на манастирите Св. Леонтое во с. Водоча и св. Богородица во с. Вељуса.

Симпозиумот Струмица и Струмичко во НОВ даде драгоцена помош и во голема мера ќе овозможи во оваа релевантна област да се втемелат и откријат нови сознанија и суштини што ќе послужат за марксистичко, комплетен приказ на историското и револуционерното битие на овој крај, како дел од неделивите револуционерни текови на НОД на чие чело стоеше некомпромисната и борбена КПЈ со другарот Тито.

На крајот слободно можеме да оцениме дека овој научен собир, со оглед на резултатите што ги даде, претставува нов прилог кон историјата на македонскиот народ, голем придонес за расветлување на значајни настани, должност кон новите генерации за да можат да научат многу историски вистини.

Нада ЈУРУКОВА

## СТО ГОДИНИ ОД КРЕСНЕНСКО-РАЗЛОШКОТО ВОСТАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА (1878—1978)

Македонската академија на науките и уметностите, по повод стогодишнината од Кресненско-разлошкото востание во Македонија, од 2. до 4. октомври 1978 година во Берово одржа научен собир на тема: „Сто години од Кресненско-разлошкото востание во Македонија 1878—1879". На симпозиумот покрај бројните учесници од нашата република и од другите југословенски републики, учествуваа и научни работници од Полска и Шведска.

Научниот собир, во присуство на голем број јавни, научни и културни работници од Републиката и од градот домаќин, го отвори претседателот на Републичкиот одбор за одбележување на јубилејот и претседател на организациониот одбор на симпозиумот, акад. Михаило Апостолски.

Од името на градот домаќин учесниците на научниот собир ги поздрави претседателот на Општинското собрание на Берово, Бранко Шумански, а од името на Извршниот совет на Македонија, проф. Анатоли Дамјановски, републички секретар за образование и наука, кој го подвлече значението на симпозиумот за унапредувањето на историската наука. Од името на Униврзитет „Кирил и Методиј", собирот го поздрави, ректорот, проф. д-р Бранко Трпеновски. Во својот поздравен говор до учесниците, проф. д-р Хенрик Батовски од Полска ги пренесе поздравите од полските историчари, подвлекувајќи дека полските научници се интересираат за